РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-126/2
15.01.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 11.01.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни преку видео конференциска врска:** Сунчица Маринкова Сосиева од РА Зора Делчево.

Г-дин Петрушевски ја отвори 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Образложение од Трговско Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
3. Разно.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата нема присутен претставник од ТРД РАДИО ЧОКИ 5 ДООЕЛ Прилеп, но преку видео конференциска врска најавена е Сунчица Маринкова Сосиева од РА Зора Делчево. Објасни дека седницата е наменета за образложение на радиодифузерот во врска со неговото откажување од дејноста. Во таа насока и даде можност на управителката на радиото да се обрати до Советот, директорот на Агенцијата и службата во врска со нејзината одлука.

Сунчица Маринкова Сосиева од РА Зора Делчево се обрати до присутните и објасни дека го затвора радиото пред се заради финансиската состојба бидејќи радиото последните две години многу тешко опстојува. Исто така најави дека поради приватни причини најверојатно ќе се пресели и не ќе може повеќе да го менаџира радиото.

Г-дин Петрушевски и посака успех во понатамошниот тек на животот и објасни дека во последно време има повеќе локални радија и телевизии кои се откажаа од дејноста и ги затворија своите медиуми. И се заблагодари за вклучувањето и ја затвори седницата.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**